ПЕРЕ РИСТЕСКИ

ПЕТ ПЕСНИ

- **П АТИШТА**
- **СУДБИНА**
- **ВЕЧНОСТ**
- **МИР**
- **ПУСТИНА**

## ПАТИШТА

Мојот живот се моите
— патишта,
и љубовта, и омразата,
и пролетта, и летото
се моите
— патишта.
Само сакав светот
да го запознам,
да го видам и во есен
и во зима,
а се појави ти, јасмин, мимоза,
змија отровница што се гали
и умилкува на горите
што мирисаат на ментол,
сопатничка во моите
— патишта.
Ме зграпчи, ме насладуваше,
на моите нозе
белези од кратки бакнежи
засирени во рибја чорба,
со солзи на дете
гледам ветрот како се раѓа
во страшните ноќи во
— моите патишта.

## СУДБИНА

Ниту една вага на овој свет
не може да ги измери страдањата
на мојот живот – жртва на сопствената
— судбина.
Камелеон што постојано
ги менуваше боите на своето лице
пред мојот живот – жртва на сопствената
— судбина.
Среќен, а сепак тажен,
богат, а сепак сиромав,
сакан, а сепак омразен,
мојот живот – жртва на сопствената
— судбина.

## ВЕЧНОСТ

Звучи малку чудно,
но таа не може да се украде,
за неа не може да се очајува,
таа има своја логика,
своја вистина,
часовник што отчукува
во сечиј живот
(како и во мојот)
и ја најавува својата — вечност.

## МИР

Облека што постојано ја закрпувам,
партали неподносливи
во тишина што ме фрлаат,
во молк,
во мир
е мојата мака
да свикнам на сите
навреди и понижувања
за да ја заработам милоста

на слободата,
во тишина што ме фрлаше
во молк,
во мир.

## ПУСТИНА

Патувања, авантури, далечини
— пустини.
Расфрлани куфери,
влажни шамивчиња на дрвена маса,
пишувања дневници,
страст кон машината за пишување,
веѓите се креваат и паѓаат,
иако нема што друго да се виде,
освен небо, песок и
— пустини.
Животот е патување,
без провев,
без хефталка,
само копнеж за освојување на далечини,
жед да се видат златните дини
— во пустини.
Патникот пишува дневници,
ги освојува далечините,
се освежува со портокали,
минерална вода
и така натаму,
и си заминува на прсти, кришум,
знае од што бега
и зошто бега
— во пустини.